16. VIII. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9


# СЛУЖБ[...]
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Понеделник, 7 август 1989
Скопје
Број 30 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 6.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**542.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ. а во врска со член 1 и 2 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 јули 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Од натамошно извршување на изречената казна затвор целосно се ослободуваат осудените лица:

1. Филипов Васил Душко од Кавадарци,
2. Коцевски Душан Иво од Скопје.

II

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 1 година на осуденото лице:

1. Ѓорѓиевски Блаже Ванчо од с. Каменица, во траење од 3 месеци.

III

Делумно се ослободуваат од натамошно извршување на изречената казна осудените лица:

1. Петрушевски Петре Слободан од Скопје, во траење од 6 месеци,
2. Исмани Амет Даим од с. Палатица, во траење од 6 месеци,
3. Дедов Димитар Диониш од Скопје, во траење од 6 месеци.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-862
21 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

---

**543.**

Врз основа на член 2 и член 7 од Законот за помилување („Службен весник на СРМ“ бр. 8/77) и член 102 од Кривичниот закон на СФРЈ и критериумите за групно помилување на осудени лица, Претседателството на СР Македонија, на седницата одржана на 21 јули 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ГРУПНО ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ПО ПОВОД 2 АВГУСТ — ДЕНОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ И 45 ГОДИШНИНАТА ОД ОДРЖУВАЊЕТО НА I ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

I

Целосно се ослободуваат од натамошно извршување на изречената казна затвор осудените лица:

1. Алиовски Рамадан Бајрам,
2. Вучковски Александар Војче,
3. Муфит Рахмет Шахо,
4. Сердељ Ќемал Зендели,
5. Атанасовска Јован Снежана,
6. Бајрами Рашид Расема,
7. Бафтијари Енвер Рами,
8. Алији Муртез Мендим,
9. Муковски Каралија Дестан,
10. Ристовски Глигур Бранко,
11. Вукељ Ештреф Адем,
12. Јусуфовски Алил Јахија,
13. Краљевски Добре Борче,
14. Гичев Стојан Борис,
15. Тодоровски Митре Трајко,
16. Јовановски Митко Петар,
17. Асан Екрем Ѓурѓеман,
18. Златановски Борис Александар,
19. Новески Ратко Десимир,
20. Сали Љатиф Имер,
21. Стефановски Тоде Димко,
22. Цветаноски Атанас Југослав,
23. Атанасовска Цветко Роза,
24. Суљо Асан Реџеп,
25. Зухди Исни Авди,
26. Живковски Петар Сашо,
27. Данилов Ангел Јанко,
28. Петровски Бранко Стојан,
29. Авдираиз Амит Алими,
30. Димков Ангел Јордан,
31. Илоски Благоја Миленко,
32. Кивароски Филип Димитрија,
33. Пезулов Драгомир Мирчо,
34. Магловски Наум Сребре.

II

Делумно се ослободуваат од натамошно извршување на изречената казна затвор осудените лица:

1. Бајрами Ајваз Заим, од 9 (девет) на 8 (осум) години,
2. Бекировски Куртиш Фета, од 10 (десет) години и 6 (шест) месеци на 9 (девет) години и 6 (шест) месеци,
3. Бојковски Ѓорѓи Борис, од 11 (единаесет) години на 10 (десет) години и 3 (три) месеци,
4. Георгиева Мито Зона, од 20 (дваесет) на 19 (деветнаесет) години,
5. Коловски Темелко Тодор, од 10 (десет) години на 9 (девет) години и 6 (шест) месеци,
6. Коцев Стефко Ацо од 11 (единаесет) години на 10 (десет) години и 3 (три) месеци,
7. Крстевски Димитар Јордан од 10 (десет) години и 6 (шест) месеци на 9 (девет) години и 9 (девет) месеци,
8. Мемеди Фаик Реџеп од 13 (тринаесет) на 12 (дванаесет) години и 3 (три) месеци,
9. Стајковиќ Никола Војко, од 20 (дваесет) на 19 (деветнаесет) години,
10. Али Расим Таир, од 2 (две) години на 1 (една) година и 8 (осум) месеци,
11. Граматиков Петре Костадин од 2 (две) години на 1 (една) година и 6 (шест) месеци,
12. Зекири Бегзад Имер, од 2 (две) години и 6 (шест) месеци на 2 (две) години,
13. Вејселовски Незир Сејдан од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 (шест) месеци,
14. Гафури Шериф Рамадан, од 4 (четири) години на 3 (три) години и 6 (шест) месеци,
15. Андреевски Киро Трајан, од 3 (три) години на 2 (две) години и 3 (три) месеци,
16. Зајковски Методија Сотир од 2 (две) години и 2 (два) месеца на 1 (една) година и 8 (осум) месеци,

17. Мацовски Манасие Игнат, од 7 (седум) години на 6 (шест) години и 3 (три) месеци,
18. Аврамовски Санде Марјан, од 6 (шест) години на 5 (пет) години и 6 (шест) месеци,
19. Јанев Павле Цане, од 9 (девет) години и 3 (три) месеци на 8 (осум) години и 6 (шест) месеци,
20. Кралевски Воислав Чедо, од 6 (шест) години на 5 (пет) години и 6 (шест) месеци,
21. Трајковски Душко Иво, од 6 (шест) години на 5 (пет) години и 6 (шест) месеци,
22. Трајковски Раде Јовица, од 7 (седум) години на 6 (шест) години и 6 (шест) месеци,
23. Костов Тодор Јове, од 5 (пет) години на 4 (четири) години и 3 (три) месеци,
24. Папучковски Радисав Јане, од 6 (шест) години на 5 (пет) години и 3 (три) месеци,
25. Крлиу Усни Нуши, од 3 (три) на 2 (две) години,
26. Димитров Апостол Ѓорѓи, од 2 (две) години на 1 (една) година и 6 (шест) месеци,
27. Спасовски Томислав Мишо, од 4 (четири) години на 3 (три) години и 6 (шест) месеци,
28. Христов Александар Раде, од 1 (една) година на 8 (осум) месеци,
29. Алиев Џевад Селвер, од 6 (шест) години на 5 (пет) години и 6 (шест) месеци,
30. Анастасовски Цветко Љупчо, од 4 (четири) години и 3 (три) месеци на 3 (три) години и 9 (девет) месеци,
31. Барбареовски Боро Тони, од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 (шест) месеци,
32. Бошков Кочо Ангеле, од 3 (три) години и 2 (два) месеци на 2 (две) години и 8 (осум) месеци,
33. Даутов Рушит Нијазија од 9 (девет) години и 11 (единаесет) месеци на 9 (девет) години и 2 (два) месеца,
34. Зејнели Исмаил Хајриз, од 3 (три) години и 11 (единаесет) месеци на 3 (три) години и 5 (пет) месеци,
35. Зекиров Сервет Џелалудин, од 2 (две) години на 1 (една) година и 6 (шест) месеци,
36. Зенговски Абдураман Бајрам, од 7 (седум) години и 3 (три) месеци на 6 (шест) години и 9 (девет) месеци,
37. Ивановски Божин Славко, од 5 (пет) години и 7 (седум) месеци на 4 (четири) години и 10 (десет) месеци,
38. Иљази Иљаз Абдулџемаил, од 1 (една) година и 7 (седум) месеци на 1 (една) година и 1 (еден) месец,
39. Јованов Добре Николче, од 4 (четири) години на 3 (три) години и 6 (шест) месеци,
40. Јовевски Трајан Зоран, од 3 (три) години и 8 (осум) месеци на 3 (три) години и 2 (два) месеца,
41. Колушески Славко Ацо, од 1 (една) година и 6 (шест) месеци на 1 (една) година,
42. Љута Назиф Арун, од 2 (две) години и 6 (шест) месеци на 2 (две) години,
43. Михајлов Алекса Горан, од 1 (една) година на 8 (осум) месеци,
44. Мурат Рахман Решат од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 (шест) месеци,
45. Мустафовски Шефкет Авни, од 5 (пет) години и 6 (шест) месеци на 4 (четири) години и 9 (девет) месеци,
46. Наумов Блаже Душко од 12 (дванаесет) години и 5 (пет) месеци на 11 (единаесет) години и 8 (осум) месеци,
47. Ракиповски Деми Сали, од 9 (девет) години и 5 (пет) месеци на 8 (осум) години и 11 (единаесет) месеци,
48. Салихи Барија Аднан, од 3 (три) години и 6 (шест) месеци на 3 (три) години,
49. Спасовски Тасо Цане, од 2 (две) години и 6 (шест) месеци на 2 (две) години,
50. Столевски Цветко Стојко, од 1 (една) година и 6 (шест) месеци на 1 (една) година,
51. Трајковски Рајко Милован, од 5 (пет) години и 9 (девет) месеци на 5 (пет) години и 3 (три) месеци,
52. Ќазими Азем Сабри, од 5 (пет) години и 4 (четири) месеци на 4 (четири) години и 10 (десет) месеци,
53. Ќаили Ќаил Љутви, од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 (шест) месеци,
54. Хасани Зекир Хајро, од 3 (три) години и 5 (пет) месеци на 2 (две) години и 11 (единаесет) месеци,
55. Чемкоски Михајло Кирил, од 1 (една) година на 8 (осум) месеци,
56. Шабановски Сабедин Шазимак, од 5 (пет) години на 4 (четири) години и 6 (шест) месеци,
57. Гиевски Сретен Александар, од 4 (четири) години и 7 (седум) месеци на 4 (четири) години и 1 (еден) месец,
58. Абаз Џеладин Џемаил, од 4 (четири) години и 6 (шест) месеци на 3 (три) години и 9 (девет) месеци,
59. Гугна Бејадин Бурхан, од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 (шест) месеци,
60. Демиров Аљуш Ибраим, од 6 (шест) години на 5 (пет) години и 3 (три) месеци,
61. Демиров Аљуш Фикрет, од 5 (пет) години на 4 (четири) години и 3 (три) месеци,
62. Емрушев Демир Муртез, од 9 (девет) години и 6 (шест) месеци на 8 (осум) години и 6 (шест) месеци,
63. Јорданов Кузман Станојко, од 5 (пет) години на 4 (четири) години и 3 (три) месеци,
64. Реџеповски Куртаи Ештреф, од 5 (пет) години на 4 (четири) години и 6 (шест) месеци,
65. Реџепов Куртаи Невзат, од 5 (пет) години на 4 (четири) години и 6 (шест) месеци,
66. Реџеповски Куртаи Сафет, од 5 (пет) години на 4 (четири) години и 6 (шест) месеци,
67. Стојановски Васил Борче, од 5 (пет) години и 6 (шест) месеци на 4 (четири) години и 9 (девет) месеци,
68. Тодев Тоде Ристо, од 2 (две) години на 1 (една) година и 6 (шест) месеци,
69. Гиев Ристо Ванчо, од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 (шест) месеци,
70. Дамјановски Серафим Богдан, од 7 (седум) години на 6 (шест) години и 3 (три) месеци,
71. Карамети Адраман Кенан, од 8 (осум) на 7 (седум) години,
72. Петрова Трајко Фруска, од 4 (четири) години и 6 (шест) месеци на 3 (три) години и 6 (шест) месеци,
73. Вукашиновиќ Стојан Милорад, од 7 (седум) години на 6 (шест) години и 3 (три) месеци,
74. Кипријановски Цветко Гоце, од 5 (пет) години и 6 (шест) месеци на 5 (пет) години,
75. Стојановски Стојан Стојко, од 15 (петнаесет) години на 14 (четиринаесет) години,
76. Трајковиќ Стојан Боге, од 6 (шест) години и 5 (пет) месеци на 5 (пет) години и 11 (единаесет) месеци,
77. Тунев Михајло Томислав, од 7 (седум) години и 3 (три) месеци на 6 (шест) години и 3 (три) месеци,
78. Бујуклиев Блажо Ристо, од 5 (пет) години и 3 (три) месеци на 4 (четири) години и 6 (шест) месеци,
79. Недева Васил Марика, од 8 (осум) на 7 (седум) години,
80. Ангеловски Трипун Димитрија, од 1 (една) година на 8 (осум) месеци,
81. Стаменковски Ангел Насе, од 4 (четири) години и 6 (шест) месеци на 3 (три) години и 9 (девет) месеци,
82. Стојановски Милисав Смилко, од 2 (две) години и 6 (шест) месеци на 2 (две) години,
83. Атанасов Трајко Димитар, од 3 (три) години и 10 (десет) месеци на 3 (три) години и 4 (четири) месеци,
84. Јанакиева Димитар Василкија од 1 (една) година и 6 (шест) месеци на 1 (една) година,
85. Ристевски Андон Ацо, од 4 (четири) години на 3 (три) години и 6 (шест) месеци,

86. Фејзула Фејзула Екрем, од 3 (три) години и 6 (шест) месеци на 3 (три) години,
87. Богоевски Димче Владимир, од 2 (две) години и 6 (шест) месеци на 2 (две) години,
88. Ангелевски Митко Јовче, од 2 (две) години на 1 (една) година и 6 (шест) месеци,
89. Аџов Сретен Благојчо, од 2 (две) години на 1 (една) година и 3 (три) месеци,
90. Василев Лазар Тодор, од 1 (една) година на 8 (осум) месеци,
91. Велков Димитрија Атанас, од 4 (четири) години на 3 (три) години и 3 (три) месеци,
92. Георгиевски Велко Звонко, од 1 (една) година и 6 (шест) месеци на 1 (една) година,
93. Диковски Раим Мето, од 3 (три) години на 2 (две) години и 3 (три) месеци,
94. Леба Иса Арис, од 1 (една) година и 6 (шест) месеци на 1 (една) година,
95. Мерсимоски Алија Мемедали, од 1 (една) година и 6 (шест) месеци на 1 (една) година,
96. Рамадани Рамадан Ќемаил, од 2 (две) години на 1 (една) година и 6 (шест) месеци,
97. Таири Азис Реџеп, од 6 (шест) години и 8 (осум) месеци на 5 (пет) години и 11 (единаесет) месеци,
98. Граменов Димитар Ѓорѓи, од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 (шест) месеци.

III

Оваа одлука влегува во сила на 1 август 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-804
21 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

---

**544.**

Врз основа на член 86 од Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ" број 26/84) и член 67 од Деловникот на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 32/82), Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ И ЗА НИВНО ИМЕНУВАЊЕ

I

Во членот 3 од Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СРМ и за нивно именување („Службен весник на СРМ" бр. 19/86) се вршат следните измени:

1. Феми Муча се разрешува од заменик на претседателот на Советот за народна одбрана.

За заменик на претседателот на Советот за народна одбрана се именува:

— Драгољуб Ставрев, член на Претседателството на СРМ.

2. д-р Владо Камбовски се разрешува од член на Советот за народна одбрана.

За член на Советот за народна одбрана се именува:

— д-р Тито Беличанец, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-871
24 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**545.**

Врз основа на член 71 и 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТАВОТ И ИМЕНУВАЊЕТО ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Во делот III од Одлуката за составот и именувањето претседател и членови на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 24/86) се вршат следните измени:

1. Феми Муча се разрешува од претседател на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ.

За претседател на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ се именува:

— Драгољуб Ставрев, член на Претседателството на СРМ.

2. д-р Иво Пухан се разрешува од член на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ.

За член на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ се именува:

— Цветан Аврамовски, пензионер.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-872
24 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

---

**546.**

Врз основа на член 71 и 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТАВОТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИОНИ И КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Во делот III, точка 2 од Одлуката за составот и за именување на претседател и членови на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 19/86) се вршат следните измени:

1. Феми Муча се разрешува од член на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Претседателството на СРМ.

За член на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Претседателството на СРМ се именува:

— Драгољуб Ставрев, член на Претседателството на СРМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-873
24 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**547.**

Врз основа на член 56 став 1 алинеја 8 од Деловникот на Претседателството на СР Македонија, а согласно став 1 на точката 2 од делот III од Одлуката за организација и делокругот на Службата на Претседателството на СР Македонија, Претседателството на СР Македонија, на седницата одржана на 21 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

1. Ахил Тунте се именува за советник на Претседателството на СР Македонија за општествено-политички систем и меѓународни односи.

На оваа должност именуваниот ќе стапи на 1 септември 1989 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-874
24 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**548.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 32/81), а во врска со член 32, став 1 од Законот за станбени односи („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88), Извршниот совет на седницата одржана на 27 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТАНОВИ И КРЕДИТИ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ, РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ И НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Одлуката за условите, начинот и критериумите за доделување станови и кредити за станбена изградба во лична сопственост на функционерите, раководните работници и на работниците во републичките органи и организации („Службен весник на СРМ“ бр. 21/85) престанува да важи.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1674/1
27 јули 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**549.**

Врз основа на член 39 од Законот за системот на финансирање на Републиката и општините („Службен весник на СРМ“ бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ УТВРДЕНИ СО РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88), се вршат следниве измени на распоредот на средствата за посебни намени и тоа:

1. Во раздел 65 — Други обврски на Републиката, позиција 564 конто 416 — За изградба и опремување на објекти што се од општ интерес на Републиката износот „1.800.000.000“ се заменува со износот „4.304.200.000“.

2. Во раздел 65 — Други обврски на Републиката, позиција 587 конто 433 — Регрес на основни земјоделски производи износот „12.000.000.000“ се заменува со износот „9.495.800.000“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1424/1
27 јули 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**550.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“, број 43/81, 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“ број 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Делот од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година распореден во Раздел 65, позиција 587 — Регрес на основни земјоделски производи, во износ од 273.561.000 динари се користи за остварување на социјално-заштитните права.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1577/1
27 јули 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**551.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81, 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСЕБНАТА РЕПУБЛИЧКА СМЕТКА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА СОЛИДАРНОСТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

1. Од Посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард се издвојува износ од 219.000.000 динари за заштита на корисниците на основните права на социјалната заштита.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1578/1
27 јули 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

---

**552.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81 и 20/88), а во врска со членот 6 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1988 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 27 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПОМОШТА И НА ДРУГИТЕ ТРОШОЦИ ШТО ИМ СЕ ИСПЛАТУВААТ НА ПОВРАТНИЦИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на помошта и на другите трошоци што им се доделуваат на лицата за кои Извршниот совет на Собранието на СР Македонија дава согласност за прифаќање.

Член 2

При вселувањето и пријавувањето кај надлежните органи, на повратниците ќе им се исплатува еднократна помош во висина од 15% од загарантираниот личен доход во Републиката.

Член 3

На повратниците им се исплатуваат во полн износ транспортните трошоци од Југословенската граница до местото на постојаниот престој согласно со Тарифата на Југословенската железница.

Член 4

По пријавувањето кај надлежните органи на повратниците секој месец им се исплатува времена материјална помош и тоа:

— 50% од загарантираниот личен доход остварен во Републиката за носител на помошта;

— 40% од загарантираниот личен доход остварен во Републиката за секој корисник на помошта;

— 80% од загарантираниот личен доход остварен во Републиката за самец.

Член 5

На повратниците секој месец ќе им се исплатува надоместок за струја, вода и изнесување на смет и тоа:

— 20% од загарантираниот личен доход остварен во Републиката за носител на помошта и за самци;

— 5% од загарантираниот личен доход остварен во Републиката за секој корисник на помошта.

Член 6

На децата на повратниците кои примаат времена материјална помош за секоја учебна година од I до VIII одделение ќе им се исплатува еднократен надоместок за учебници во висина на вредноста.

Член 7

На повратниците кои примаат материјална помош ќе им се исплатува во полн износ надоместокот за трошоците за станарина.

Член 8

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 23-510/4 од 15 јуни 1989 година („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 25/89).

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

Бр. 23-1680/1
31 јули 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

---

**553.**

Врз основа на член 117 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86), директорот на Републичката геодетска управа пропишува

## УПАТСТВО
### ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИНСПЕКТОР ВО РЕПУБЛИЧКАТА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

1. Легитимацијата со која се утврдува својството на инспектор се издава според образецот кој е составен дел на ова упатство.

2. Големината на легитимацијата е 7 x 10 см, а нејзините корици се полутврди и обоени со црвена боја.

3. Легитимацијата важи за календарската година во која е издадена односно за календарската година за која е нејзиното важење продолжено, доколку изрично не е означен покус рок.

Продолжувањето рокот на важењето на легитимацијата ја врши директорот на Републичката геодетска управа.

4. Инспекторот на кого функцијата му престанала, должен е веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да ја врати легитимацијата на органот што ја издал.

5. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 02-763/1
18 јули 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов**, с. р.

О Б Р А З Е Ц
ЗА ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ИНСПЕКТОР ВО РЕПУБЛИЧКА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

(формат 7 х 10 см.)

ГРБ НА РЕПУБЛИКАТА

Л Е Г И Т И М А Ц И Ј А

НА ИНСПЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

(втора страна на првата корица)
фотографија големина 6 х 4 см.

---

(своерачен потпис на инспекторот)

Бр. на л. к. ———— издадена во ————

(прва внатрешна страна)

ГРБ НА РЕПУБЛИКАТА

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

---

(назив на органот кој ја издал легитимацијата)

Л Е Г И Т И М А Ц И Ј А
НА ИНСПЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

Бр. ————

Ден ————

(втора внатрешна страна — празна)
(трета внатрешна страна)

———————— е овластен да
(име и презиме на инспекторот)

ги врши работите предвидени со соодветните прописи и ги врши правата и должностите што се утврдени со нив за инспектор, според Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86).

М. П.

———— година ————
потпис на функционерот на органот

(втора, трета и четврта внатрешна страна)

Легитимацијата важи:

до ———————— 19—— год.
(М. П.)

————————
Потпис на функционерот на органот

до ———————— 19—— год.
(М. П.)

————————
Потпис на функционерот на органот

до ———————— 19—— год.
(М. П.)

————————
Потпис на функционерот на органот

до ———————— 19—— год.
(М. П.)

————————
Потпис на функционерот на органот

(петта и шеста страна — внатрешна — извод од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86). Текст од чл. 118, 119, 120 и 121.

**554.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ КНИГОВОДСТВО ЗА III-ТА ГОДИНА ЗА ЕКОНОМСКИТЕ УЧИЛИШТА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Книговодство за III-та година на економските училишта од Божидар Черепналковски и Борис Стојменов, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-141/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**555.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ИСТОРИЈА ЗА I-ВА ГОДИНА НА КУЛТУРОЛОШКО-ПРОСВЕТНАТА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Историја за I-ва година на културолошко-просветната струка од Војо Кушевски, Трпко Пановски, Јордан Димовски и Цветан Беличански, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-142/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**556.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ИНФОРМАТИКА I ЗА СИТЕ СТРУКИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Информатика I за сите струки во средното образование од Димитар Битраков и Методија Трајковски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело" — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело" и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 13-133/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**557.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ МОТОРИ И МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА III ГОДИНА НА СООБРАЌАЈНАТА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Мотори и моторни возила за III година на сообраќајната струка од д-р Боро Ристиќ, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело" — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело" и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 13-131/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**558.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ГЕОГРАФИЈА ЗА I ГОДИНА НА КУЛТУРОЛОШКО-ПРОСВЕТНА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Географија за I година на културолошко-просветна струка од д-р Љубе Миленковски и д-р Александар Стојмилов, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело" — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело" и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 13-130/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**559.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ОСНОВИ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО ЗА I-ВА ГОДИНА НА ПРОТИВПОЖАРНАТА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Основи на градежништвото за I-ва година на противпожарната струка од Коста Граорковски и Жарко Станојевски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело" — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело" и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 13-129/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**560.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ОСНОВИ НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ТЕКСТИЛОТ ЗА I ГОДИНА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Основи на запознавање на текстилот од Ѓуро Петров и Стефан Стефановски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело" — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело" и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 13-128/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**561.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ЛИТЕРАТУРА ЗА I-ВА ГОДИНА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Литература за I-ва година на средното насочено образование од Љубен Андреев,

Невена Исакова, Лазо Каровски и Бранко Пендовски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-127/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

**562.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ ЗА I-ВА ГОДИНА НА ЕКОНОМСКАТА И ТРГОВСКАТА СТРУКА**

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Комерцијално работење за I-ва година на економската и трговската струка од д-р Душан Петковски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-117/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

**563.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ГАРАЖИ И СЕРВИСИ ЗА III ГОДИНА НА СООБРАЌАЈНАТА СТРУКА**

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Гаража и сервиси за III година на сообраќајната струка од дипл. инж. Драгутин Мадиновиќ, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-118/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

**564.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ГЕОГРАФИЈА ЗА I-ВА ГОДИНА ЗА СИТЕ СТРУКИ ОСВЕН КУЛТУРОЛОШКО-ПРОСВЕТНАТА**

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Географија за I-ва година за сите струки освен културолошко-просветната, од д-р Александар Стојмилов и д-р Љубе Миленковски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-143/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

**565.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ЧИТАНКА ЗА II-РО ОДДЕЛЕНИЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК**

1. Се одобрува употребата на учебникот Читанка за II-ро одделение на албански јазик од Сервет Вида, м-р Ѓерѓ Ѓуравчај и Хаџи Вида, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-123/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

**566.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ЧИТАНКА ЗА IV-ТО ОДДЕЛЕНИЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК**

1. Се одобрува употребата на учебникот Читанка за IV-то одделение на албански јазик од Феим Исаи и Бесим Руси, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-124/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**567.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ГЕОМЕТРИЈА СО ЗБИРКА ЗАДАЧИ ЗА VII-МО ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употребата на учебникот Геометрија со збирка задачи за VII-мо одделение од Јово Стефановски, Душко Ачовски и Васил Василев, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-125/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**568.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ АЛГЕБРА СО ЗБИРКА ЗАДАЧИ ЗА VII-МО ОДДЕЛЕНИЕ

1. Се одобрува употребата на учебникот Алгебра со збирка задачи за VII-мо одделение од Роберт Ансаров, Душко Ачовски и Димитар Цицев, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-126/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**569.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 158 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ГРАМАТИКА ЗА III-ТО ОДДЕЛЕНИЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

1. Се одобрува употребата на учебникот граматика за III-то одделение на албански јазик од Аслан Хамити и Бајрам Хаскај, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до Работната организација за учебници „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-122/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**570.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 162 точка 2 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ МАТЕМАТИКА ЗА I И II ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УЧЕНИЦИ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

1. Се одобрува употребата на учебникот Математика за I и II одделение за ученици со оштетен слух од д-р Душан Липовац, д-р Велимир Сотировиќ и Мило Латковиќ, а во превод и адаптација од српско-хрватски јазик на РО „Просветно дело“ — Скопје.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ — Скопје и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-121/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

**571.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ МАТЕМАТИКА СО ЗБИРКА ЗАДАЧИ ЗА I-ВА ГОДИНА НА ЕКОНОМСКАТА, ЗЕМЈОДЕЛСКАТА И МЕДИЦИНСКАТА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Математика со збирка задачи за економската, земјоделската и медицинската струка од д-р Живко Мадевски и д-р Наум Целако-

ски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-134/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

---

**572.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ МАТЕМАТИКА ЗА I-ВА ГОДИНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКАТА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Математика за I-ва година на природно-математичката струка од д-р Наум Целакоски и д-р Живко Мадевски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-135/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

---

**573.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ МАТЕМАТИКА СО ЗБИРКА ЗАДАЧИ ЗА I-ВА ГОДИНА НА ТЕХНИЧКИТЕ УЧИЛИШТА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Математика со збирка задачи за I-ва година на техничките училишта од д-р Наум Целакоски, д-р Живко Мадевски и Роберт Ансаров, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-136/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

**574.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ТЕХНИЧКО ЦРТАЊЕ СО НАЦРТНА ГЕОМЕТРИЈА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Техничко цртање со нацртна геометрија од Томе Јолески, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-137/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

---

**575.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ЗБИРКА УПАТСТВА ЗА РАБОТА СО МИКРОСМЕТАЧИ

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Збирка упатства за работа со микросметачи од Методија Трајковски и Димитрија Битраков, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-138/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

576.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ЛИКОВНА КУЛТУРА I ЗА I-ВА ГОДИНА НА КУЛТУРОЛОШКО-ПРОСВЕТНАТА СТРУКА И ЗА II ГОДИНА ЗА СИТЕ ОСТАНАТИ СТРУКИ

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Ликовна култура I за I-ва година културолошко-просветната струка и за II година за сите останати струки од Владимир Величкоски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-139/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р.

577.

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 18/89), Републичкиот педагошки совет, на VII-та седница, одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ПРАКТИКУМ ПО ОТП ЗА I-ВА ГОДИНА НА КУЛТУРОЛОШКО- ПРОСВЕТНА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Практикум по ОТП за I-ва година на културолошко-просветна струка од Тодор Кралев, Никола Мурговски, Крсто Василевски и Милуна Добревска, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1989 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 13-140/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Републички педагошки совет
Го заменува претседателот,
д-р **Симеон Гелевски,** с. р

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

260.

Врз основа на член 579 од Законот за здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“, бр. 53/76, 57/83 и 85/87) и член 14 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78, 43/78 и 35/85), Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита, собранијата на општините и Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗЕДНАЧУВАЊЕ НА НЕОПХОДНОТО НИВО НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Учесниците во Договорот, со цел за изедначување на неопходното ниво на обезбедување и задоволување на основните права од социјална заштита, со овој договор ги усогласуваат изворите на средствата за тие потреби, висината на средствата што ќе се издвојуваат за нивно задоволување и ги утврдуваат условите и начинот на обезбедување средства на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита кои не се во состојба да го обезбедат остварувањето на утврдените стандарди на основните права од социјална заштита, како и правата, обврските и одговорностите на учесниците во Договорот.

Член 2

Учесниците во Договорот се согласни, во рамките на своите права и должности, да создаваат општествено-економски услови за изедначување на неопходното ниво на обезбедување и задоволување на основните права од социјална заштита.

Член 3

Учесниците во Договорот за обезбедување услови за изедначување на неопходното ниво на остварување на основните права од социјална заштита меѓусебно соработуваат и заеднички го планираат и програмираат остварувањето на правата, здружуваат средства за остварување на заедничките потреби и интереси, заеднички основаат организации на здружениот труд и учествуваат во изградбата, адаптацијата и опремување на организациите на здружениот труд за социјална заштита, организираат општествени активности и преземаат и други мерки што имаат за цел организирано остварување на овие права, односно обезбедуваат неопходна социјална и материјална сигурност на корисниците на основните права од социјална заштита.

Член 4

Учесниците во Договорот се согласни дека под неопходно ниво на обезбедување и задоволување на основните права од социјална заштита се подразбира задоволувањето на следните потреби во областа на социјалната заштита:

— остварување постојани парични помошти на лицата материјално необезбедени и неспособни за работа, во висина која обезбедува општествено неопходно ниво на социјална сигурност на корисниците;

— оспособување за работа на лицата со пречки во психичкиот и физичкиот развој согласно законските прописи;

— сместување во организација на здружениот труд за социјална заштита или во друго семејство, при што на корисниците им се обезбедува вид и обем на социјална заштита според спогодбено утврдени нормативи и стандарди за простор, опрема, кадри, услуги и друго;

— обезбедување паричен надоместок за помош и нега од друго лице, во висина со која се обезбедува учество во надоместувањето на зголемените трошоци на корисникот за остварување на основните егзистенцијални потреби.

Учесниците во Договорот се согласија исто така, во смисла на потребите од став 1 на овој член да се подразбира и задоволувањето на следните потреби во областа на социјална заштита кои се во функција на остварувањето на основните права од социјална заштита, а имено со обезбедување средства за:

— покривање на материјалните трошоци на постапката за стекнување и користење на правата и трошоците за работа на првостепениот орган кој решава за основните права од социјална заштита во висина од 10% од номиналниот износ на надоместокот на секое реализирано основно право од социјална заштита;

— развој унапредување на социјалните дејности и остварување на истражувачката и издавачката дејност во областа социјална заштита;

— остварување превентивна дејност во областа социјална заштита, за спречување и отстранување на причините што доведуваат до положба од социјална потреба;

— создавање неопходни материјални и други услови за вработување на лицата со пречки во психичкиот и физичкиот развиток.

Член 5

Учесниците во Договорот се согласни на корисниците, односно на лицата кои се нашле во положба од социјална потреба да им се гарантира обезбедување на општествено неопходно ниво на социјална сигурност, а имено:

1. За корисниците на постојаната парична помош да изнесува:

— до 50% од просечниот месечен чист личен доход остварен во тековната година во Републиката, за носителот на правото;

— до 40% од износот на помошта за носителот на правото, за додатокот на соуживателот на помошта.

Збирот на основната парична помош и на додатоците на соуживателите на помошта може да изнесува најмногу до износот на гарантираниот личен доход остварен во тековната година во Републиката.

2. За корисниците на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице да изнесува 70% од износот на помошта на носителот на правото на постојаната парична помош.

Член 6

Учесниците во Договорот се согласија средства за задоволување на основните права од социјална заштита на ниво на општина да се обезбедуваат од изворните приходи на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и тоа од уплатени придонеси со стапка во висина утврдена согласно одредбите на овој договор.

Член 7

Тргнувајќи од потребата за создавање еднакви општествено-економски услови во секоја општина во издвојувањето и обезбедувањето неопходни средства за обезбедување изедначено ниво на обезбедување и задоволување на потребите на основните права од социјална заштита и за приближно еднакво оптоварување на обврзниците за уплатување придонеси на ОСИЗ за социјална заштита и за надминување на постојните разлики во висината на стапките на придонесите, учесниците во Договорот се согласија на ниво на општина од изворните приходи на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита да се обезбедуваат средства до нивото за задоволување на потребите за основните права од социјална заштита во смисла на член 4 и 5 од овој договор, со примена на стапки на придонеси чија висина не може да изнесува помалку од следните договорени минимални стапки на придонеси:

— придонес од доходот на основните организации на здружениот труд, во висина од 0,35%;

— придонес од личен доход од работен однос, во висина од 0,30%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, во висина од 0,30%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење стопанска дејност, во висина од 0,30%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење професионална дејност, во висина од 0,30%.

Член 8

Учесниците во Договорот се согласија општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита да ги наменат средствата обезбедени со примена на минималните стапки на придонеси од член 7 на овој договор исклучиво за задоволување на потребите од основни права од социјална заштита, додека средства за задоволување на другите права од социјална заштита и за останатите потреби во областа на социјалната заштита на ниво на општината ќе се обезбедуваат од делот на стапките на придонеси на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита над минимално договорените висини од член 7 на овој договор и од други извори на средства.

Член 9

Учесниците во Договорот се договорија од изворите на средства утврдени во член 6 на овој договор на ниво на општина да се обезбедат средства во висина која обезбедува остварување на неопходното ниво на основните права од социјална заштита од член 4 и 5 на овој договор, при што да се земат предвид и бројот на корисниците на основни права од социјална заштита, потребите на ОЗТ од областа на социјалната заштита на подрачјето на општината и останатите потреби во областа социјална заштита.

Член 10

Учесниците во Договорот се согласија заради изедначување на неопходното ниво на обезбедување и задоволување на основните права од социјална заштита на ниво на Републиката да се обезбедуваат потребни средства, како дополнителни и тоа од изворните приходи на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, остварени од придонес од доходот на основните организации на здружен труд со стапка во висина од 0,15%.

Член 11

Учесниците во Договорот се согласни на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита кои не се во состојба со сопствени изворни приходи да го обезбедат остварувањето на потребите од основните права од социјална заштита, согласно одредбите на овој договор, врз начелата на социјалистичкиот хуманизам, солидарноста и заемностат за тие намени да им се обезбедуваат наменски дополнителни средства преку Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Право на дополнителни средства во смисла на став 1 од овој член има општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита чии калкулативни приходи, остварени со примена на стапките на придонеси од член 7 на овој договор, се помали од потребните средства за обезбедување задоволување на потребите на основните права од социјална заштита согласно член 4 и 5 од овој договор.

Член 12

Висината на дополнителните средства на општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита од член 11 на овој договор се утврдува во износ на разликата меѓу вкупно потребните средства за задоволување на потребите на основните права од социјална заштита и средствата што ќе се остварат на ниво на општината со примена на стапките на придонеси од член 7 на овој договор, како изворни приходи на општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита (калкулативни приходи).

Член 13

Дополнителните средства на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита, Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита ги обезбедува врз основа на прет-

ходно изготвени биланси на потребни средства за задоволување на потребите од основни права од социјална заштига.

Билансите од став 1 на овој член ги утврдува Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита врз основа на планираните потреби за опфат на корисниците со основни права од социјална заштита и потребните средства за нивно задоволување од општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита, кои што ги доставуваат најдоцна до крајот на тековната за наредната година.

Член 14

Учесниците се согласуваат, доколку во рамките и преку самоуправните интересни заедници за социјална заштита поради одредени општествено-економски состојби се дојде до таква материјална положба да не може да се реализираат обврски околу задоволувањето на потребите на основни права од социјална заштита, Републиката да го обезбедува остварувањето на овие права и на самоуправните интересни заедници за социјална заштита да им обезбеди наменски средства.

Член 15

Учесниците во Договорот се согласија собранијата на општините и општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита да преземаат мерки и активности за остварување и доследно реализирање на преземените обврски од овој договор и доколку во рамките и преку општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита не ќе можат да се обезбедат зацртаните средства за задоволување на неопходното ниво на потребите на основните права од социјална заштита, во смисла на член 4, 5, 7 и 9 на овој договор, општините да им ги обезбедат потребните средства на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита до тоа неопходно ниво за тековната година.

Член 16

Учесниците во Договорот се согласија собранијата на општините од сопствени извори на средства или од други извори на средства да им обезбедуваат средства на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита за учество во изградбата, адаптацијата и опремувањето на организациите на здружениот труд за социјална заштита од општински односно регионален карактер.

Член 17

Учесниците во Договорот се обврзуваат во своите акти и програми за развој и работа да ги вградат заеднички договорените цели и задачи и да преземаат обврски за спроведување на мерките и активностите со кои ќе се обезбеди реализација на договорената политика за изедначување на неопходното ниво на обезбедување и задоволување на потребите на основните права од социјална заштита според определбите на овој договор.

Член 18

Учесниците во Договорот се согласни да преземаат и други мерки и активности за реализација на правата, обврските и одговорностите утврдени со овој договор и да ја следат и анализираат нивната примена во практиката со цел остварување на целите и задачите на социјалната заштита и на своите права, обврски и одговорности како носители на социјалната заштита

Член 19

Учесниците во Договорот се согласни усогласувањето на височината на надоместоците на одделни основни права од социјална заштита да се врши по пат на самоуправно спогодување во зависност од трошоците на животот и од нивото на порастот на личните доходи во Републиката и утврдените стандарди на основните права од социјална заштита, најмалку 2 пати годишно.

Член 20

Учесниците во Договорот се согласни Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита да ги координира, усогласува и насочува мерките и активностите на учесниците во Договорот, да го следи извршувањето на обврските по овој договор, како и остварувањето на наменското користење на обезбедените дополнителни средства на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита согласно овој договор и за согледаните состојби и проблеми да ги информира останатите учесници во Договорот најмалку еднаш годишно, како и пред нив и други заинтересирани и надлежни општествени субјекти да презема односно иницира преземање мерки и активности со цел поуспешно извршување на овој договор, како и да дава толкување на одредбите на овој договор.

Член 21

Учесниците се договорија дека, во рамките на правата, надлежностите и обврските што ги преземаат со овој договор, ќе ги донесат потребните самоуправни општи акти и други акти во кои ќе ги утврдат непосредните задачи и мерките со кои ќе се обезбеди остварување на политиката за изедначување на неопходното ниво на обезбедување и задоволување на потребите на основните права од социјална заштита, во рок од 6 месеци по склучувањето на договорот.

Член 22

Правата, обврските и одговорностите на учесниците во Договорот утврдени со овој договор, настануваат со денот на неговото усвојување од страна на секој учесник.

Член 23

Учесниците во Договорот се обврзуваат за извршувањето на договорените и преземените права, обврски и одговорности со овој договор, а за неизвршувањето или кршењето на правата и обврските од овој договор се општествено-политички и материјално одговорни.

Член 24

Предлог за изменување и дополнување на овој договор може да поднесе секој од учесниците во Договорот.

Предлогот од став 1 на овој член се доставува во писмена форма до сите учесниците во Договорот и истиот мора да биде образложен.

Член 25

Кон овој договор можат дополнително да пристапат и други организации и заедници кои ги прифаќаат и обврските што произлегуваат од него.

Член 26

Овој договор се смета за склучен кога во истоветен текст ќе го усвојат учесниците во Договорот и ќе го потпишат нивните овластени органи односно претставници.

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-317
13 јануари 1989 година
Скопје

---

**261.**

Врз основа на член 136 од Уставот на СРМ и Договорот за заедничките основи за уредување на остварувањето на социјално заштитните права, Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности, Републичката самоуправна интересна заедница за вработување, Републичката самоуправна интересна заедница за насочено образование, Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Републичката самоуправан интересна заедница за здравствена заштита, Здружената самоуправна интересна заедница за вработување на град Скопје, Здружената само-

управна интересна заедница на станувањето на град Скопје, Здружената самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно образование и воспитание и општествена заштита на децата на град Скопје, Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје, општинските самоуправни интересни заедници за домување, општинските самоуправни интересни заедници за вработување, општинските самоуправни интересни заедници за предучилишно и основно образование и воспитание и општествена заштита на деца, општинските самоуправни интересни заедници за здравствена заштита и општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита (во натамошниот текст: учесници) склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО-ЗАШТИТНИ ПРАВА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со цел за изедначување на нивото на социјално обезбедување на работниците, работните луѓе и граѓаните кои не се во можност со својот труд или со приход по друг основ, во целост или делумно да обезбедат средства за себе и за членовите на своето семејство за остварување на основните животни потреби, учесниците со оваа спогодба (во натамошниот текст: спогодба) врз начелата на взаемност и солидарност утврдуваат:

— општествено договорено ниво на социјална сигурност како право на определен (гарантиран) износ на социјална помош на корисникот и како облик на општествена помош на семејството;

— основи и мерила за остварување на социјално заштитните права на кои граѓаните имаат право согласно законите, самоуправните општи акти на учесниците и оваа спогодба;

— постапка за остварување на социјално заштитните права;

— воведување и водење на единствена заедничка евиденција на корисниците на социјално заштитните права;

Учесниците се согласија остварувањето на социјално заштитните права да претставува претпоставка во изградување на единствен систем на социјална сигурност во СР Македонија кој ќе ги обединува сите социјално заштитни права и други облици на помош.

Член 2

Учесниците се согласни одредбите од оваа спогодба да се однесуваат на одредени социјално-заштитни права во следните области:

1. Пензиско-инвалидско осигурување:
— Додаток кон пензија;
— Надоместок за стручно оспособување на деца со пречки во развојот.

2. Вработување:
— Парична помош за невработените на кои им престанало правото на паричен надоместок и
— парична помош,

3. Становање и комунални надоместоци:
— Субвенционирање на станарина и
— надомест за уредување на градско градежно земјиште.

4. Образование и воспитание:
— стипендии на ученици и студенти,
— учество во трошоците за сместување во ученички и студентски домови, односно семејства и продолжен дневен престој во основните училишта,
— превоз и општествена исхрана.

5. Општествена заштита на децата:
— парични примања на децата (додаток на деца и посебен додаток),
— учество во трошоци за престој во ОЗТ за згрижување и воспитание и организациите на здружен труд за одмор и рекреација,

6. Социјална заштита:
— постојана парична помош;
— еднократна парична помош;
— паричен надоместок за помош и нега од друго лице;
— учество во трошоците за сместување во организациите на здружениот труд за социјална заштита или во друго семејство.

7. Здравствена заштита:
— учество во трошоците за користење на здравствени услуги, лекови и ортопедски помагала.

8. Други облици на општествена помош.

Член 3

Учесниците се согласни, при утврдување постоењето основа за стекнување социјално-заштитни права, учесниците да поаѓаат од начелото дека никој од корисниците на социјално-заштитните права не може да биде во поповолна социјална положба од работниците, работните луѓе и граѓаните, кои, сами, со свој труд, обезбедуваат социјална сигурност за себе и за своето семејство.

Учесниците се согласни, исто така, корисникот кој плаќа надоместок на трошоците за згрижување во организацијата на здружен труд, заради тие трошоци не смее да биде во полоша социјална положба од корисник на социјално-заштитни права.

Член 4

Учесниците се согласни, ако со примената на заедничките основи и мерила произлезе промена во билансите на потрошувачката за одделни социјално-заштитни права, ќе извршат меѓусебна прераспределба на вкупните билансни средства заради обезбедување остварувањето одделни социјално-заштитни права согласно утврдениот редослед.

Во согласност со претходниот став, учесниците тргнувајќи од посебниот општествен интерес и во согласност со материјалните можности воспоставуваат за одделни социјално-заштитни права поповолни услови од веќе утврдените во заедничките услови, ако за тоа се обезбедени средства без додатно оптоварување на стопанството.

Член 5

Надлежниот орган при утврдување на правото на социјално заштитната помош го одбива барањето за помош, или одредува помош во понизок износ од износот што би му припаднал на граѓаниот, по оваа спогодба, ако:

— организацијата на здружен труд во која тој е вработен докаже дека на работникот му овозможила да оствари поголем приход по основ на работа, со што за себе и за своето семејство — домаќинство би обезбедил соодветна социјална сигурност, а работникот таа можност не ја искористил;

— граѓанинот одбил вработување кое му е понудено од заедницата за вработување, односно не барал вработување преку заедницата;

— и покрај искажаниот низок приход по извршениот увид утврди, дека не е загрозена социјалната сигурност на граѓанинот, односно неговото семејство — домаќинство.

Надлежниот орган на граѓанинот му доделува социјална заштитна помош во зголемен износ од износот што би му припаднал по одредбите од оваа спогодба, доколку утврди дека граѓанинот и членовите на неговото семејство — домаќинство живеат во тешки социјални услови, заради посебни социјални околности (пр. болест, инвалидност, елементарна непогода) и покрај поголемите приходи.

Одредбите од претходните ставови, се применуваат и за утврдување на учеството во трошоци за згрижување, меѓутоа, не се применуваат при стекнување додаток кон пензијата.

Член 6

Учесниците се согласни на граѓанинот кој е организирано згрижен во соодветна организација на здружен труд за социјална заштита, односно друга организација на здружен труд или во друго семејство, социјално-заштитната помош на која граѓанинот има право, да ја насочат за плаќање на трошоците за тоа згрижување (функционален облик на помош) и да ја дозначат на соодветната организација на здружен труд односно семејството, во кое граѓанинот е згрижен.

Ако граѓанинот не е организирано згрижен и за кој не е можно да се обезбеди социјално-заштитна помош во функционален облик, тогаш социјално-заштитната помош се исплатува во паричен износ на граѓанинот, односно на неговиот законски застапник.

Ако социјално-заштитната помош е поголема од цената на организираното згрижување во организациите на здружен труд, односно семејството, таа разлика се исплатува во паричен износ на граѓанинот односно на неговиот законски застапник.

Член 7

Социјално-заштитната помош корисникот ја остварува од денот на поднесувањето на барањето.

Правото на социјално-заштитната помош трае додека граѓанинот, односно членовите на неговото семејство — домаќинство ги исполнуваат условите утврдени со Закон, со други самоуправни општи акти или оваа спогодба.

Ако социјално материјалните услови на граѓанинот, односно на членовите на неговото семејство — домаќинство се изменат (пр. ново вработување, нов извор на приход, односно битна промена во висина на приходот, раѓање, смрт, пензионирање, преминување во друг степен на образование, задолжително издржување, губење на изворите на приходите и др.) надлежниот орган ја оценува оправданоста за остварување на социјално заштитното право и по потреба ќе го намали, зголеми или укине правото.

Одредбите од претходниот став се применуваат и при утврдувањето надоместок на трошоците за згрижување.

Член 8

Учесниците се согласни да обезбедат остварување на социјално-заштитна помош за граѓанинот односно за семејството, кои ги исполнуваат условите за стекнување на социјално-заштитни права, според живеалиштето.

По исклучок од претходниот став учесниците ќе обезбедат остварување на социјално-заштитните права според престојувалиштето односно последното вработување на граѓанинот.

Член 9

Учесниците при утврдување на материјално-социјалниот статус на граѓанинот кој треба да оствари некое социјално-заштитно право, по правило, ги земаат во предвид сите приходи и примања на граѓанинот, како и приходите и примањата на неговото домаќинство (во натамошниот текст: приходи) врз основа на податоците и мислењата што ги даваат организациите на здружен труд, месните заедници и органите надлежни за утврдување на приходите и примањата на населението, како и врз основа на податоците што ги доставуваат граѓаните лично.

Член 10

Во приходи, учесниците се согласија да се сметa: приходи од работен однос, од договорна или друга работа, сите видови на надоместоци, приходи од вршење на земјоделска дејност, приходи од вршење на дејност со сопствени средства, приходи од пензиско и инвалидско осигурување, приходи од имот, стипендии и кредити, примања од задолжително издржување и од социјално-заштитна помош.

Како приход од земјоделска дејност се смета приходот од сечење на шума, катастарскиот приход од непошумени површини и останатите приходи што не се опфатени со катастарскиот приход. Катастарскиот приход од непошумените површини за секоја година се зголемува со коефициентот што за учесниците на оваа спогодба секоја година на 1 март го објавува Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита. Ако од катастарскиот приход, кој се остварува заеднички во едно селско домаќинство, живеат две или повеќе семејства, како приход на одделно семејство ќе се смета соодветниот дел од катастарскиот приход.

Член 11

Учесниците се согласни, при утврдувањето на материјално-социјалниот статус, во приходи да не се сметаат:

— паричен надоместок за помош и нега од друго лице, освен ако се работи за паричен надоместок, остварен како доплата за згрижување во организација на здружен труд, односно во друго семејство;

— доплатите кои ги исплатува поодделна самоуправна интересна заедница на цената на социјално-заштитните услуги за корисниците на услугите,

— еднократна парична помош и друго (учебници, отпремнина, беби опрема и други еднократни примања);

— стипендии од Титов фонд за талентирани ученици и студенти;

— јубилејни награди, награди по основ на пронајдоци и патенти,

— примањата на рударите за работа подолго од полното работно време;

— партиципација за одмор и рекреација, згрижување на деца, и посебен додаток,

— износот на давањата за заем, самопридонес;

— давање на задолжително издржување во висина на извршениот наслов, односно во утврдениот износ, доколку граѓанинот е задолжен да дава издржување за лице кое не живее во неговото домаќинство.

Член 12

Учесниците се согласни при утврдувањето на материјално социјалниот статус да се земаат во предвид приходите остварени во претходната година, примањата остварени во последните 3 месеци од годината и социјално-заштитните помошти од тековната година, освен помошта што се остварува, доколку со оваа спогодба не е поинаку уредено.

Стварниот месечен приход по член од семејството се пресметува така што се собираат сите приходи на членовите на домаќинството, утврдени во член 12 од Спогодбата, пресметани за еден месец, а збирот се дели со бројот на членовите на домаќинството.

Член 13

Учесниците се согласни како семејство во однос на користењето на социјално-заштитни права, утврдени со оваа спогодба, да се сметаат: брачните другари и трите првородени деца сè додека родителите се должни да ги издржуваат.

Како членови на домаќинството се сметаат: брачните другари, децата (родени во брак, вон брак или посвоени), посинoци, внучиња без родители што ги издржува корисникот, родител, тест, тешта, брат и сестра што ги издржува корисникот, како заедница на живеење, стопанисување и трошење.

Како самохран родител (единствен хранител) по оваа спогодба се смета родител, кој, со сопствени средства, сам го издржува детето кое е должен да го издржува.

Самохраниот родител има право на социјално-заштитно право само тогаш, кога ги има исцрпено сите правни можности за остварување на задолжително издржување на детето.

Исклучително од став 2 на овој член како членови на семејството не се сметаат децата, кои, подолго, бесплатно се згрижени во воспитно-образовна организација (пр. воени или милициски училишта) и тоа за времето додека трае школувањето.

## II. ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО ЗАШТИТНИТЕ ПРАВА

Член 14

Општествено договорено ниво на социјална сигурност претставува износот на приходи на граѓанинот, односно семејството, како минимум на средства за задоволување на основните животни потреби, кое во согласност со одредбите од оваа спогодба е основа според која се одредува материјално-социјалниот статус за стекнување на одделни социјално-заштитни права и обемот во кој ќе се остваруваат истите.

Општествено договореното ниво на социјална сигурност се утврдува во соодветен процент од просечниот месечен чист личен доход по вработен во стопанството во СР Македонија во претходното тромесечје од тековната година.

Член 15

Учесниците се согласни општествено договорено ниво на социјална сигурност да се утврдува за секој член поодделно при остварувањето на социјално-заштитното право.

Во случаите кога како корисник на социјално-заштитното право се појавува семејството, општествено договореното ниво на социјална сигурност се утврдува со збирот на поединечно утврдените општествени договорени нивоа на социјална сигурност на сите членови на семејството.

Член 16

Учесниците во согласност со одредбите на член 15 на оваа спогодба ги утврдуваат општествено договорените нивоа на социјална сигурност во следните износи за:

1. граѓаните кои остваруваат социјална сигурност по основа на тековен труд, во висината на загарантираниот личен доход во СРМ;
2. граѓаните кои остваруваат социјална сигурност по основа на минат труд во висина на 90% од загарантираниот личен доход;
3. невработените лица материјално необезбедени, 70% од загарантираниот личен доход во СРМ;
4. возрасните материјално необезбедени и за работа неспособни лица најмногу до 30% од просечниот чист личен доход во стопанството во СРМ;
5. децата во претшколска возраст и во основното образование 25% од просечниот чист личен доход во стопанството во СРМ;
6. децата во насоченото образование до 30% од просечниот чист личен доход во стопанството во СРМ;
7. лицата со тешки, потешки и најтешки пречки во психичкиот и физичкиот развој до 40% од просечниот личен доход.
8. граѓаните кои остваруваат други облици на општествена помош до 30% од просечниот личен доход.

Поединечните општествено договорени нивоа на социјална сигурност од претходниот став можат да се зголемат за самохрани лица најмногу за 10%.

Член 17

Учесниците се согласни да обезбедат исплата на социјално-заштитните помошти на корисниците кои ги исполнуваат и другите услови утврдени со Закон и самоуправни општи акти ако приходот по член во семејството е понизок од општествено договореното ниво на социјална сигурност.

Паричниот надоместок по основа на социјално-заштитните права се утврдува најмногу до износот на разликата помеѓу општествено договореното ниво на социјална сигурност и месечните приходи по член на семејството.

Член 18

Учесниците во општините можат за социјално-заштитните помошти, за кои одлучуваат во општината, да определат повисоко ниво од општествено договореното ниво на социјална сигурност во член 16 од оваа спогодба, ако здружениот труд во општината, врз основа на реално зголемената продуктивност остварил поголем доход. Во овој случај нивото на социјалната сигурност е сразмерно на зголемената продуктивност.

Учесниците за социјално-заштитните помошти во општината можат, во согласност со договорените приоритети во Долгорочната програма за економска стабилизација, да одредат повисоко ниво на социјална сигурност, ако тоа го овозможуваат средствата обезбедени врз основа на програмите за мерки и активности на економската политика во општината.

Повисокото ниво на општествено договорена социјална сигурност, учесниците претходно го усогласуваат на ниво на општина. Зголемувањето од став 1 и 2 од овој член учесниците нема да го земат предвид при вреднување на обезбедената програма за солидарно здружување на средствата.

Повисокото ниво на социјална сигурност од овој член по правило се остварува преку функционални облици на помошта.

Член 19

Износот на социјално-заштитната помош по еден корисник, не смее да ја надмине разликата од остварениот месечен приход до договореното ниво на социјална сигурност по член на семејството.

Ако социјално-заштитната помош според мерилата од оваа спогодба изнесува помалку од 2% од чистиот личен доход, тогаш помошта не се доделува, исклучок се само случаите наведени во член 5, став 2 од оваа спогодба.

Член 20

Учесниците секои три месеци вршат усогласување на висината на износот на поединечните социјално-заштитни помошти со движењето на чистиот личен доход.

## III. РЕДОСЛЕД ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО-ЗАШТИТНИТЕ ПОМОШТИ

Член 21

Ако граѓанинот, односно семејството, согласно мерилата од оваа спогодба, има право од повеќе видови социјално-заштитни помошти, учесниците најпрво му ги доделуваат помоштите кои во целина се регулирани со закон, односно кои се резултат на минатиот и тековниот труд, а другите помошти само ако не му е обезбедено општествено договореното ниво на социјална сигурност.

При утврдување на редоследот на одделни социјално-заштитни помошти се применува редоследот на правата утврдени во член 2 од оваа спогодба.

Член 22

Ако граѓанинот при стекнувањето социјално-заштитните помошти заедно со неговите приходи го надминува општествено договореното ниво на социјална сигурност, учесниците му доделуваат помош само до висината на нивото.

Ако граѓанинот се стекнува истовремено со повеќе социјално заштитни помошти, чиј збир заедно со неговите приходи го надминува општествено договореното ниво на социјална сигурност, учесниците се согласија последната од стекнатите помошти соодветно да се намалува до висината на општествено договореното ниво

До општествено договореното ниво на социјална сигурност се намалува веќе стекнатата, односно последната од остварените помошти ако по нејзината, односно, по нивното усогласување, помоштите во збирот со приходите на граѓанинот, го надминуваат општествено договореното ниво на социјална сигурност.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО-ЗАШТИТНИТЕ ПРАВА

Член 23

Учесниците се спогодија, одредбите за постапката да ги користат за сите права утврдени во член 2 од оваа спогодба и за учеството за користење на социјално-заштитните услуги, како и во други случаи, за кои со оваа спогодба е поинаку уредено.

Член 24

Постапката за остварување на социјално-заштитните права се поведува по барање на граѓанинот или по службена должност.

Постапката се поведува по службена должност ако надлежниот орган утврди дека граѓанинот има право да оствари некое социјално-заштитно право или дека постојат услови за изменување или престанок на одредено социјално-заштитно право.

Член 25

Работниците поднесуваат барање за остварување на социјално-заштитното право (во натамошниот текст: барање) во својата организација на здружен труд, а другите работни луѓе и граѓаните во центарот за социјална работа или до стручната служба на учесникот во оваа спогодба или во месната заедница.

Организации на здружен труд, центрите за социјална работа или стручните служби на учесниците мораат на граѓанинот да му пружат помош при пополнувањето на барањето.

Ако граѓанинот го поднесе барањето до стручната служба таа барањето го праќа до организацијата на здружен труд односно до центарот за социјална работа на мислење.

Ако семејството има право на повеќе видови социјално-заштитни помошти, барањето по правило, го поднесува само едниот од родителите.

Член 26

Граѓанинот го поднесува барањето на посебен образец, во кој ги внесува податоците за сите членови на домаќинството.

Граѓанинот мора да го исполни образецот — барање, точно и потполно.

Граѓанинот е одговорен за вистинитоста на податоците во барањето.

Граѓанинот, односно неговиот законски застапник, е должен најдоцна во рок од 15 дена, да го извести центарот за социјална работа или учесникот кој го обезбедува правото, за секоја промена на фактите или околностите кои биле основа за доделување социјално-заштитна помош.

Без оглед на одредбите од претходниот став, граѓанинот, односно неговиот законски застапник е должен до 15 март да ги пријави податоците за приходите и примањата на семејството, во спротивно ќе му се запре исплатата на социјално заштитната помош.

Граѓанинот кој заради невистинити или премолчени податоци остварил социјално-заштитна помош мора, на учесникот, кој оваа помош му ја обезбедил да ја врати неоправдано стекнатата имотна корист.

Член 27

Во постапката за остварување на социјално-заштитните помошти ќе се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

Постапката за остварување на социјално-заштитните помошти е брза и решението се донесува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Член 28

Кога ОЗТ, центарот за социјална работа односно стручната служба на учесникот прими барање ја утврдува точноста на внесените податоци и по потреба ги дополнува со податоци од заедничката евиденција. На барањето, во посебна рубрика, го впишува своето мислење за материјално-социјалната положба на граѓанинот. Ако работникот прима низок личен доход, ОЗТ ги впишува и причините заради кои работникот прима таков личен доход.

Податоците во барањето кои се утврдени и дополнети од организацијата на здружен труд, односно центарот за социјална работа се сметаат за правилни и вистинити, меѓутоа граѓанинот може да го докажува спротивното.

Член 29

Организацијата на здружен труд, центарот за социјална работа односно месната заедница во рок од 8 дена од денот на приемот, правилно пополнетото барање го доставува до стручната служба на учесникот во општината, во која граѓанинот има постојано место на живеење.

Ако граѓанинот нема постојано место на живеење во СР Македонија, организацијата на здружен труд, центарот за социјална работа и стручната служба, мора правилно пополнетото барање, во рок од 8 дена да го достави во стручната служба на учесникот во општината, во која е седиштето на организацијата на здружен труд, во која што работникот е вработен, односно во која последен пат бил вработен.

Член 30

Центарот за социјална работа го утврдува материјално-социјалниот статус на граѓанинот, односно на членовите на неговото семејство и со примена на методите на стручната социјална работа.

Ако е потребно прибирање на други мислења и податоци за оценувањето на материјално-социјалниот статус на граѓанинот, стручната служба на центарот за социјална работа ќе ги утврди со увид на лице место, ќе ги побара од месната заедница каде што живее граѓанинот односно неговото семејство или од други органи и организации.

Обврските во поглед на задолжително издржување се утврдуваат врз основа на јавна исправа односно изјава од обврзникот.

Член 31

Врз основа на прибавените податоци и утврдената материјално-социјална положба, центарот за социјална работа барањето со мислење ѝ го доставува до соодветната стручна служба на учесникот на одлучување.

Член 32

По барањето одлучува надлежниот орган согласно статутот на самоуправната интересна заедница која ја обезбедува соодветната социјално-заштитна помош (во натамошниот текст: надлежен орган).

Ако стручната служба на учесникот утврди дека учесникот не е надлежен за решавање на барањето, барањето веднаш го препраќа до надлежната стручна служба на учесникот и за тоа го известува граѓанинот.

Член 33

Ако прибавените податоци и мислења се доволни за одлучување, надлежниот орган донесува решение по барањето.

Ако прибавените податоци и мислења не се доволни за одлучување надлежниот орган може да бара од стручната служба во центарот за социјална работа да ги дополни.

Член 34

Надлежниот орган е должен решението да го достави до:

— граѓанинот;

— центарот за социјална работа;

— ОЗТ во која е вработен;

— ОЗТ за социјална заштита или друга организација на здружен труд, ако помошта е доделена во функционален облик, или ако во решението е одредено и учество во трошоците на згрижувањето.

## V. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО-ЗАШТИТНИ ПРАВА

Член 35

Учесниците се согласни, заради усогласено, остварување на социјално заштитните права, единствената заедничка евиденција за корисниците на социјално заштитните права да се води во центрите за социјална работа.

Единствената заедничка евиденција од претходниот став заснована е на податоците што ги даваат организациите на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници, месни заедници, органите на управата надлежни за утврдување приходи на населението и органите надлежни за одлучување за остварување социјално-заштитни права во соодветната област.

Член 36

Учесниците се согласни да здружат средства за воведување и водење евиденција за корисниците на социјално заштитните права и за нивна автоматска обработка, како и за извршување на стручните работи во врска со остварувањето на оваа евиденција.

Меѓусебните обврски и односи од претходниот став, учесниците во општините ќе ги уредат со самоуправен општ акт во рок од 2 месеци.

Член 37

Центарот за социјална работа е должен на учесниците врз основа на член 36 од оваа спогодба да им дава податоци за материјалната и социјалната положба на корисникот на социјално-заштитното право и за членовите на неговото семејство — домаќинство, како и податоци за остварените видови социјално-заштитни права и за оствареното ниво на овие права.

Член 38

Учесниците се согласни Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности и центрите за социјалната работа да преземаат активности за воведување и водење на единствената евиденција на корисниците на социјално заштитните права, да обезбедат средства и услови за водење на истата, односно да обезбедат автоматска обработка на податоците најдоцна до 30 јуни 1989 година.

Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности најдоцна до 31 јануари 1989 година ќе пропише обрасци за водење на единствената евиденција.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 39

Учесниците во оваа спогодба ќе ги усогласат своите самоуправни општи акти со кои ги уредуваат основите, мерилата и постапките за остварување на социјално заштитните права, најдоцна до 30 јуни 1989 година.

Основите и мерилата за остварување на социјално-заштитните помошти утврдени во оваа спогодба, учесниците ќе ги применуваат во целост од 1 јули 1989 година.

Член 40

Учесниците се спогодија, дека, преземаат потполна одговорност за остварување на сите нејзини одредби, секој во рамките на својот делокруг на работа и надлежност. За таа цел учесниците се спогодија дека:

1. ќе обезбедат остварување на спогодбата во својата заедница;

2. редовно ќе го следат остварувањето на спогодбата како составен дел на самоуправната контрола.

Член 41

Учесниците во општината формираат заеднички орган, одбор за социјално-заштитни помошти кој го следи остварувањето на спогодбата.

Секој од учесниците именува во заедничкиот орган по еден член и негов заменик. Претседателот на заедничкиот орган и неговиот заменик, се бираат од редовите на членовите на одборот.

Стручните и административните работи на одборот ги врши Центарот за социјална работа.

Член 42

Учесниците се спогодија за следење на реализацијата на оваа спогодба да формираат Координационен одбор, составен од претставници на учесниците и по еден член на општинските одбори за социјално заштитни помошти.

Претставниците и нивните заменици се делегираат за време од 4 години.

Координациониот одбор од редовите на своите членови избира претседател и заменик претседател.

Координациониот одбор има деловник за работа.

Член 43

Координациониот одбор е должен за спроведувањето на оваа спогодба најмалку двапати во годината да ги информира учесниците и Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика.

Член 44

Учесниците се спогодија дека за толкување на одредбите од оваа спогодба е надлежен Координациониот одбор.

Координациониот одбор го следи остварувањето на спогодбата и ги разгледува предлозите на учесниците за изменување и дополнување, и ако предлогот за изменување и дополнување е основан, ќе го подготви текстот и ќе го прати на учесниците за одлучување.

Во однос на изменувањето и дополнувањето на спогодбата важи истата постапка како и за нејзиното склучување.

Стручно-административните работи на Координациониот одбор ги врши Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности.

Член 45

Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита ќе ја објави оваа спогодба во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", кога ќе ја потпишат мнозинството на учесниците.

Спогодбата влегува во сила од денот на потпишувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Член 46

Кон оваа спогодба можат да пристапат и други самоуправни интересни заедници.

Бр. 08-316
16 јули 1989 година
Скопје

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**262.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за научноистражувачка дејност и член 25 од Статутот на Републичката заедница за научноистражувачка дејност, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби за научноистражувачката дејност („Службен весник на СРМ" бр. 10/89 и 23/89), членот 2 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесот од член 1 алинеја 1 од оваа одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување; трошоци на камати и ревалоризација на динарски обврски; негативни курсни разлики; вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите и вкалкулирани резервирања на материјални трошоци.

Основица за пресметување на месечните аконтации на придонесот од доходот претставува основицата утврдена во став 1 на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен, согласно

член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд.

Основица за пресметување на придонесот од член 1 алинеја 2 на оваа одлука претставува бруто личниот доход".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-1559/1
1 јули 1989 година
Скопје

Претседател
порф. д-р **Душан Петковски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**263.**

Врз основа на член 35 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата на град Скопје и согласно член 6 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 26/89), Собранието на СИЗ на културата на град Скопје, на седницата одржана на 20 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ДОХОДОТ И ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ И ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на културните дејности и техничката култура на подрачјето на град Скопје за 1989 година, а со цел усогласување со членот 6 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметувањето и уплатувањето на данокот од доход на организациите на здружениот труд.

Член 2

По членот 3 се додава нов член 4, кој ќе гласи:

„Основицата за пресметување и издвојување на месечната аконтација на придонесот од доходот (согласно образецот ПДЗ) преставува остварениот доход зголемен за износите од следните елементи:

— премии за осигурување;

— трошоци на камати и ревалоризација на динарски обврски;

— негативни курсни разлики;

— вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци;

— вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

На така формираната основица се одбива делот од доходот остварен од приправниците и делот од доходот во висина на исплатените издвоени средства на солидарноста".

Со ова дополнување членот 4 станува член 5, а членот 5 станува член 6.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-428/1
24 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Киро Дојчиновски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ

**264.**

Врз основа на член 35 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на физичката култура на град Скопје, како и согласно член 6 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доходот на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 26/89), Собранието на СИЗ на физичката култура на град Скопје, на седницата одржана на 20 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ДОХОДОТ И ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на физичката култура на град Скопје за 1989 година, а со цел усогласување со членот 6 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 26/89).

Член 2

По членот 3 се додава нов член 4, кој гласи:

„Основица за пресметување и издвојување на месечната аконтација на придонесот од доходот (согласно образецот „ПДЗ") претставува остварениот доход, зголемен со следните елементи:

— премии за осигурување;

— трошоци за камати и ревалоризација на динарски обврски;

— негативни курсни разлики;

— вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци;

— вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

На така формираната основица се одбива дел од доходот остварен од приправници и дел од доходот во висина на исплатените издвоени средства на солидарноста".

Со оваа измена членот 4 станува член 5, членот 5 станува 6, членот 6 станува 7, членот 7 станува член 8.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-250/1
20 јули 1989 година
Скопје

Претседател,
**Златан Манов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГОСТИВАР

**265.**

Врз основа на член 100, 101 и 103 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88), член 161 став 1 точка 6 и член 237 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Гостивар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Гостивар, на седницата одржана на 21 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ (ЗДРУЖУВАЊЕ) НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на стапката за обезбедување (здружување) на средства за здравствена заштита на работниците за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 7/89), во член 5 се додава нов став (став 3) кој гласи:

„Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на ООЗТ претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на ООЗТ („Службен весник на СРМ“ бр. 18/89)“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-375
21 јули 1989 година
Гостивар

Заменик претседател,
**Ѓорѓи Тренески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КИЧЕВО

**266.**

Врз основа на член 160 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Кичево, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Кичево, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 14 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 2/89 и 22/89), член 2 став 2 точка 1 се менува и гласи:

„За обврзниците на придонесот кои според Одлуката за единствена класификација на дејностите се распоредени во областите од 0 до 11 остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-2727/4
14 јули 1989 година
Кичево

Претседател на Собранието,
Д-р **Петре Попоски,** с. р.

Претседател на Соборот на корисници на услуги — работници,
**Боге Петрески,** с. р.

Претседател на Соборот на даватели на услуги,
**Ване Наумоски,** с. р.

ИСПРАВКА

Во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 27/89, во точка 1, потточка 1, став 1 во седмиот ред по зборот „вкалкулирани“ се додава зборот „долгорочни“.

Од Републичката СИЗ за социјална заштита

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Мадиќ Марица, моминско Петковска од Скопје, против тужениот Мадиќ Бранко од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Мадиќ Бранко да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во овој суд или, пак, во истиот рок, да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, на истиот во смисла на одредбите од чл. 84 од Законот за процесни постапки ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги штити неговите права и интереси во овој спор.

Од Општинксиот суд Скопје II — Скопје, XV. П. бр. 871/89. (123)

ОПШТИНСКИ СУД ВО КРАТОВО

Пред Општинскиот суд во Кратово е поведена постапка за прогласување на исчезнато лице за умрено по предлог на предлагачката Алексовска Елица од Кратово, ул. „Бреза“ бр. 29.

Се повикува исчезнатото лице Алексовски Благој од Кратово ул. „Бреза бр. 29, или секој друг што знае за неговиот живот да се јави во Општинскиот суд во Кратово во рок од 3 месеци од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“.

Доколку во овој рок исчезнатото лице или секој друг кој знае за неговиот живот не се јави во овој суд исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено.

Од Општинскиот суд во Кратово, ВПП. бр. 19/89.

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за предавање во владение по тужбата на тужителот Витановски Мирко од с. Прељубиште, против тужените Стојковски Стојан и др. сега со непознато место на живеење.

Се повикуваат тужените Стојковски Стојан од Скопје, сега со непознато место на живеење во Канада, Љубе Арсовски, Рада Арсовска и Бога Арсовска сите од Скопје, сега со непознато место на живеење, да се јават во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да постават свој полномошник или достават своја адреса.

Доколку не се јават судот ќе им постави привремен старател.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 658/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исполнување на договор за купопродажба на патничко возило, по тужбата на тужителот Беќири Неџмедин, од Тетово, ул. „Пробиштипска“ бр. 13, против тужените Мемиши Мустафа од Тетово, ул. „110“

бр. 7 и Селими Садуш од Тетово, ул. „Ѓорче Петров“ бр. 19, сега на привремена работа во Швајцарија, со непозната адреса.

Се повикуваат тужените да се јават во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во судот да доставаат точна адреса или да одредат полномошник кој ќе ги застапува во постапката по овој предмет.

По истекот на овој рок судот на тужените ќе им постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи во Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 943/89.

Пред Општинскиот суд во Тетово, се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Ајдини Веап од с. Непроштено, против тужената Ајдини род. Џуќич Неѓелка од с. Непроштено, сега со непозната адреса во Југославија.

Се повикува тужената Ајдини род. Џуќич Неѓелка, од с. Непроштено, да се јави во рок од 15 дена пред судот, да ја достави нејзината адреса или пак постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок судот по службена должност ќе и постави привремен старател кој ќе се грижи за нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 946/89.

Пред овој суд се води спор за предавање на покретни ствари по тужбата на тужителот Чениќ Милорад од Сремска Митровица, против тужениот Бајрами Сефер од с. Селце. Вредност на спорот 3.000.000 динари.

Се повикува тужениот Бајрами Сефер од с. Селце, да се јави во рок од 15 дена во Општинскиот суд во Тетово, или да одреди свој полномошник. Во спротивно, судот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 598/89.

Пред овој суд се води спор за утврдување на сопственост по тужбата на тужителот Фејзулахи Јахја од с. Челопек, против тужените Адеми Шефкете и др. од с. Челопек. Вредност на спорот 8.000.000 динари.

Се повикуваат тужените Селмани Реџеп, Селмани Акиф и Селмани Неџми сите од с. Челопек сега со непозната адреса да се јават во рок од 15 дена во судот или да одредат свој полномошник. Во спротивно судот ќе им постави привремен старател кој ќе се грижи за нивните права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 758/89.

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за зголемување на законска издршка по тужбата на малолетните Фатиме и Африме Деари, застапувани од законскиот застапник мајката Адвије Бакии, од с. Селце, против тужениот Рамадани Сали Деар од с. Шипковица, сега на привремена работа во странство со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува во постапката пред судот до нејзиното окончување. Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа во Тетово, ќе му постави привремен застапник.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 995/89.

Пред овој суд се води постапка за сопственост по тужбата на тужителот Атанас Михајловски од с. Вратница, против тужените Владимир Филиповски, Ристо Филиповски, Светозар Михајловски, Петко Михајловски, Блаже Михајловски, Душан Стефановски, Јордан Стефановски и Борис Стефановски, сите од с. Вратница, а сега со непозната адреса на живеење.

Се повикуваат истите да се јават во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достават адреса или овластат полномошник кој ќе ги застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Во спротивно судот преку Центарот за социјална работа ќе им постави привремен застапник.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1009/89.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ШТИП

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Рашид Шукрија од с. Карбинци — Штипско, а сега на привремена работа во СР Германија, против тужената Рашид Спасенија од с. Топличани, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Рашид Спасенија, да се јави во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот или, да ја достави својата адреса во судот. По истекот на овој рок судот ќе одреди привремен застапник согласно чл. 84 ст. 1 и 2 точ. 4 од ЗПП, кој ќе ја застапува до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Штип, П. бр. 518/89.

Пред Општинскиот суд во Штип покрената е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Ефремова Ленче од Штип, со стан на ул. „Борис Кидрич“ бр. 33, против тужениот Душко Пејчев од с. Зрновци, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во судот или, да ја достави својата адреса.

По истекот на овој рок судот ќе му одреди привремен застапник согласно чл. 84 ст. 1 и 2 точ. 4 од ЗПП, кој ќе го застапува до правосилното окончување на предметот.

Од Општинскиот суд во Штип, П. бр. 589/89.

## ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот тркалезен печат под назив: „Занаетчиска задруга за термоизолација „Термомонтажа“ — Скопје Р. О. и ограничено емство — Скопје 1“ се огласува за неважен. (3055)

Загубениот тркалезен печат под назив: „Спортско друштво „Непроштено“ од с. Непроштено“ се огласува за неважен. (3284)

Загубените тркалезен печат и четвртаст штембил под назив: „Работна организација за основно воспитание и образование „Гоце Делчев“ — Радовиш“ се огласуваат за неважни.

Загубените тркалезен печат и четвртаст штембил под назив: „Работна организација за основно воспитание и образование „Гоце Делчев“ — Работна единица „Моша Пијаде“ — Радовиш“ се огласуваат за неважни. (3288)

Загубениот тркалезен печат под назив: „Сојуз на извидници на Македонија извиднички одред „Методи Митевски-Брицо“ — Скопје“ се огласува за неважен. (3344)

# *Мали огласи*

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Работна книшка на име Кицо Мерита, Струга.

Работна книшка на име Маја Бошковска, Тетово.

Чековна карта бр. 576-14 и чекови од бр. 2830751 до 1830760 на име Виолета Голкоска, ул. „В. Прке“ бр. 4, Виница. (2662)

Работна книшка на име Ило Деспотов, Виница.

Чекови од бр. 2438525 до 2438529 и од бр. 2430530 до 2438540 и картица бр. 15-50-02929-3, издадени од Југобанка — Скопје на име Митевски Методија, ул. „Методија Митевски“ бр. 72/II/14, Скопје. (2668)

Пасош МА 918813 на име Абдула Ибраими, с. Форино, Гостивар. (2686)

Работна книшка на име Јелица Ангелкоска, с. Пискупштина, Струга. (2699)

Работна книшка на име Тоши Трајчев, Штип.

Гарантен лист бр. 033038, издаден од ООЗТ Агромеханика — Скопје на име Иван Јованов, Струмица. (2721)

Работна книшка на име Бајрам Јашаровски, Куманово. (2722)

Воена книшка на име Драган Божиновиќ, с. Алгуња, Куманово. (2723)

Свидетелство за IV година и диплома за завршено средно образование од „Моша Пијаде“ на име Стојко Стојковски, ул. „Маршал Тито“ бр. 71/18, Крива Паланка. (2724)

Свидетелства за I, II, III и IV година и свидетелство за положен завршен испит, издадени од Гимназијата „Јосип Броз Тито“ — Свети Николе на име Васка Зорева, с. Мустафино, Свети Николе. (2741)

Работна книшка на име Мемет Селими, Куманово. (2750)

Работна книшка на име Зоран Жупаноски, Струга. (2751)

Овластена тековна сметка бр. 20111/16 и чекови со сериски број од 19477491 до 510, издадени по 4. V. 1989 година, од Стопанска банка — Скопје на име Велковска Вернада, ул. „Сава Ковачевиќ“ бр. 24/I/1, Скопје. (2764)

Тековна сметка бр. 80710 15 50027765, издадена од Југобанка Основна банка — Скопје на име Драгољуб Тодоровски, Скопје. (2766)

Работна книшка на име Александар Ѓорѓиевски, Крива Паланка. (2768)

Тековна сметка бр. 15 500 29929, издадена од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Валентина Митревска, Скопје. (2780)

Чековна книшка бр. 15 500 44250, издадена од Југобанка на име Атанас Јордановски, нас. Тунел бр. 15, Титов Велес. (2789)

Работна книшка на име Василко Цветковски, Тетово. (2793)

Тековна сметка бр. 1550164325 и чекови бр. 2400389 и 2400390, издадени од Југобанка — Скопје на име Гороски Зоран, Скопје. (2804)

Одобрение за работа УП. бр. 12-8263 од 18. 11. 1988 година, издадено од Собранието на општина Центар — Скопје на име Татјана Илиевска, Скопје.

Пасош на име Милосија Богатиноски, с. Секирци, Прилеп. (2808)

Свидетелства за I и II клас, издадени од Гимназијата „Моша Пијаде“, Крива Паланка на име Трајковски Александар, ул. „М. Тито“ бр. 75, Крива Паланка. (2809)

Тековна сметка бр. 80710-22-15-50-15361-5 и чекови од бр. 2537434 до 2537440 на име Иван Арсов, ул. „Кеј на Револуција“ бр. 11, Кочани. (2824)

Регистарски број 308 за јавен превоз на патници во слободен јавен сообраќај издаден од СО — Карпош — Скопје на име Муслаим Челеби, с. Сарај, Скопје. (2825)

Тековна сметка бр. 15 50 112 458, издадена од Југобанка — Основна Банка — Скопје на име Ненад Насковски, Скопје (2828)

Работна книшка на име Симончо Димитриевски, Куманово. (2834)

Работна книшка на име Шабан Шабани, Куманово. (2835)

Работна книшка на име Ибадет Каминова, ул. „Скопска“ бр. 25, Струга.

Свидетелства за I и II година, издадени од Гимназијата „Моша Пијаде“ Крива Паланка на име Стојановска Јагода, ул. „Багдатска“ бр. 34, Крива Паланка. (2879)

Работна книшка на име Реџеп Силаи, Тетово.

Работна книшка на име Душанка Андова, Штип.

Возачка дозвола на име Душко Ристов, с. Дедино, Радовиш. (2908)

Работна книшка на име Агим Шукрија, Куманово. (2913)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Тетово на име Феми Рамадани, с. Жеровјане, Тетово. (2914)

Уверение за положен молеро-фарбарски испит на име Блаже Џикоски, Скопје. (2931)

Работна книшка на име Бујар Асани, Гостивар.

Работна книшка на име Живко Георгиев, Кочани.

Воена книшка на име Адем Камбери, с. Липково, Куманово. (2950)

Работна книшка на име Насе Трајков, Кочани.

Тековна сметка бр. 8071-84024961 и чекови од бр. 10396962 до 1039670 и 12638041 до 12638060, издадени од ЈИК Банка — Београд на име Весна Симоновска, Скопје. (2965)

Свидетелство за завршено средно образование, издадено од Техничкото училиште „Наце Буѓони“ — Куманово на име Јонуз Аземи, с. Черкези, Куманово. (2966)

Воена книшка на име Сезо Муртезани, с. Челопек, Тетово. (2976)

Чекови од бр. 2104723 до 2104730, издадени од Југобанка — Деловна единица — Кавадарци на име Ванчо Толов, Кавадарци. (2989)

Работна книшка на име Руфат Исеин, Тетово.

Работна книшка на име Фиданчо Иванов, Виница. (3018)

Работна книшка и свидетелство од VIII одделение, издадени од Прилеп на име Димоска Жаклина, ул. „Ѓуро Салај“ бр. 30, Прилеп. (3023)

Работна книшка на име Аљи Арсљани, Гостивар.

Решение У. бр. 11-2491 за основање занаетчиски дуќан — кројач, издадено од СО — Чаир — Скопје на име Насер Мемети, Скопје. (3053)

Тековна картица бр. 4217-72 и чекови од бр. 3288498 до 3288500 и 3241691 до 3241700 на име Моме Велковски, с. Младо Нагоричане, Куманово. (3057)

Работна книшка, издадена од Крива Паланка на име Митовски Глигор, ул. „17 Македонска бригада“ бр. 36, Крива Паланка. (3060)

Работна книшка на име Незафет Османи, Тетово.

Одобрение УП бр. 12-7000 од 18. X. 1988 година, за вршење дејност: препишување и умножување, издадено од СО — Центар — Скопје на име Надица Ристевска, Скопје. (3088)

Судско решение бр. 109/76, донесено на 29. VIII. 1980 година, правосилно од 4. IX. 1983 година, издадено во Куманово на име Петар Цветковски, с. Јачинце, Куманово. (3117)

Свидетелство за III година, издадено од МУЦ „Наце Буѓони“ — Куманово на име Чедомир Ристовски, Куманово. (3120)

Тековна сметка бр. 23458/96 и чекови од бр. 21626978, 21626979 и 21626980, издадени од Стопанска банка — Основна банка — Скопје на име Јанко Обочки, Скопје. (3123)

Чек бр. 2659841, издаден од Југобанка — Скопје на име Матески Киро, ул. „Струшка“ бр. 16-б, Скопје.

Работна книшка на име Јоце Каров, Кочани.

Работна книшка на име Драги Дамчевски, Кочани. (3165)

Работна книшка на име Драги Стаменков, Виница. (3166)

Работна книшка, издадена од СО — Македонски Брод на име Предраг Стефановски, с. Љубиште, Македонски Брод. (3195)

Работна книшка, издадена од општина — Македонски Брод на име Јаоски Мухамед, с. Пласница, Македонски Брод. (3196)

Свидетелство за завршен II клас гимназија, издадено од УЦСО „Јосип Броз Тито“ — Ресен на име Вера Ѓоргиевска, с. Курбиново, Ресен. (3197)

Свидетелства за завршено I, II и III клас гимназија, издадени од УЦСО „Јосип Броз Тито“ — Ресен на име Тони Кечуловски, с. Подмочани, Ресен. (3198)

Работна книшка на име Мухарем Хајдари, Гостивар. (3213)

Работна книшка на име Ристе Јанев, Штип.

Тековна сметка бр. 2221-56 и чекови од бр. 3251757 до 3251759 на име Љубен Велковски, ул. „Ѓорче Петров“ бр. 55, Куманово. (3244)

Свидетелства за I и II клас гимназија, издадени од УЦСО „Јосип Броз Тито“ — Ресен на име Соња Соколевска, ул. „29 Ноември“ бр. 56, Ресен. (3248)

# КОНКУРСИ

РО „Макметал — Инженеринг" — Скопје

распишува

## КОНКУРС

За избор на подобен изведувач заради остапување на работите за изградба на комплетен капацитет за печатени плочи на ЕНЕРГОИНВЕСТ РО „11 Октомври" — Прилеп.

I

1. Предмет на конкурсот е избор на подобна работна организација за остапување на работите за изградба на комплетен „Капацитет за производство на печатени плочки".

2. Предмет на остапување и изградба на комплетен „Капацитет за производство на печатени плочки" со следните објекти:
— производна хала од цца 2500 $m^2$, со сите потребни инсталации,
— котлара со опрема,
— сообраќајници,
— портирница,
— таложник,
— ограда,
— ППЗ и ХТЗ.

3. Локацијата на објектот е во атарот на општина Крушево.

4. Рок за изработка на сите објекти е 70 дена.

5. Рокот за поднесување на понудата е 10 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

II

1. Заинтересираните работни организации должни се да поднесат писмена пријава за учество во конкурсот.

2. Пријавување за подобност по конкурсот треба да содржи:
— полн назив на РО и точна адреса,
— извод од судскиот регистар за дејноста која ја врши,
— доказ за финансиската состојба заверен од СОК,
— образец биланс за успехот за 1988 година,
— податоци за стручни кадри кои ќе бидат ангажирани во изградбата на објектот,
— референц листа за досега изградени објекти.

3. Понудата за изградба треба да содржи:
— цена за изведба по објекти,
— изјава дека понудената цена ќе биде фиксна,
— изјава дека во понудага се опфатени сите позиции.

III

Некомплетните пријави и ненавремено поднесените нема да се земат предвид.

IV

По разгледување на понудите односно пријавите во рок од 5 дена понудувачите ќе бидат известени за изборот на најповолниот понудувач.

V

Понудите да се достават на адреса: РО „МАКМЕТАЛ — ИНЖЕНЕРИНГ" — Скопје, ул. „Маршал Тито" бр. 9-11 — Скопје.

VI

Сите потребни информации може да се добијат во РО „МАКМЕТАЛ — ИНЖЕНЕРИНГ" градилиште РЕК „БИТОЛА" — Битола на тел. 097-32-355.

VII

Ориентационо-пресметковната вредност на објектот изнесува 27.000.000.000 динари.

Врз основа на член 26 од Статутот на РО „Агротехника" Битола, Работничкиот совет, на седницата одржана на 21 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
за засновање на работен однос на неопределено време со здружување на динарски средства

Се одобрува засновање на работен однос на неопределено време со прибавување на динарски средства од граѓаните, кои средства ќе се употребат за проширување на материјалната основа на РО „Агротехника" — Битола, односно создавање услови за проширување на работењето и вработувањето.

Се одобрува засновање на работен однос на 1 лице. Лицето што ќе биде вработено ќе учествува со по 10.000.000 — динари, односно вкупната вредност на средствата ќе се употреби за проширување на материјалната основа на нашата работна организација.

Вложените средства РО „Агротехника" ќе му ги врати на физичкото лице по три години од денот на прибавувањето на тие средства во една рата со банкарска камата од фиксен износ од 12%.

Општите и посебните услови за засновање на работниот однос се предвидени во Законот, самоуправниот општ акт, правилникот за систематизација на работите и работните задачи на РО „Агротехника" — Битола.

## ОБЈАВА

Врз основа на член 20-а од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" бр. 42/80, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88 и 18/89), Републичкиот завод за статистика го утврди и го објавува.

### ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО МЕСЕЦ ЈУЛИ 1989 ГОДИНА ВО ОДНОС НА ПРОСЕЧНИТЕ ЦЕНИ НА МАЛО ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД 1989 ГОДИНА

1. Порастот на цените на мало во Републиката во месец јули 1989 година во однос на просечните цени на мало во првото полугодие од 1989 година изнесува 115,4%.

Бр. 02-3292/1
4 август 1989 година
Скопје

Директор,
**Светлана Антоновска,** с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

542. Одлука за помилување на осудени лица — 545
543. Одлука за групно помилување на осудени лица по повод 2 Август — Денот на Илинденското востание и 45 годишнината од одржувањето на I заседание на АСНОМ — — — — — — — — — 545
544. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СРМ и за нивно именување — 547
545. Одлука за измена на Одлуката за составот и именувањето претседател и членови на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ — — 547
546. Одлука за измена на Одлуката за составот и за именување на претседател и членови на Комисијата за организациони и кадровски прашања на Претседателството на СРМ — — — — — — — — — — 547

547. Одлука за именување на советник на Претседателството на СР Македонија за општествено-политички систем и меѓународни односи — — — — — — — — 548
548. Одлука за престанување на важноста на Одлуката за условите, начинот и критериумите за доделување станови и кредити за станбена изградба во лична сопственост на функционерите, раководните работници и на работниците во републичките органи и организации — — — — 548
549. Одлука за измена на распоредот на средствата за посебни намени утврдени со Републичкиот буџет за 1989 година — — 548
550. Одлука за користење на дел од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година 548
551. Одлука за користење на средства од Посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард — — — — — — — — 549
552. Одлука за утврдување на висината на помошта и на другите трошоци што им се исплатуваат на повратниците — — 549
553. Упатство за образецот на легитимација на инспектор во Републичката геодетска управа — — — — — — — — — — 549
554. Решение за одобрување употреба на учебникот Книговодство за III година за економските училишта — — — — — — 550
555. Решение за одобрување употреба на учебникот Историја за I година на културолошко-просветната струка — — — — 550
556. Решение за одобрување употреба на учебникот Информатика I за сите струки во средното образование — — — — — 550
557. Решение за одобрување употреба на учебникот Мотори и моторни возила за III година на сообраќајната струка — — — 551
558. Решение за одобрување употреба на учебникот Географија за I година на културолошко-просветна струка — — — — 551
559. Решение за одобрување употреба на учебникот Основи на градежништвото за I година на противпожарната струка — — 551
560. Решение за одобрување употреба на учебникот Основи на запознавање на текстилот за I година — — — — — — — 551
561. Решение за одобрување употреба на учебникот Литература за I година на средното образование — — — — — — — 551
562. Решение за одобрување употреба на учебникот Комерцијално работење за I година на економската и трговската струка 552
563. Решение за одобрување употреба на учебникот Гаражи и сервиси за III година на сообраќајната струка — — — — — 552
564. Решение за одобрување употреба на учебникот Географија за I година за сите струки освен културолошко-просветната 552
565. Решение за одобрување употреба на учебникот Читанка за II одделение на албански јазик — — — — — — — — — 552
566. Решение за одобрување употреба на учебникот Читанка за IV одделение на албански јазик — — — — — — — — 552
567. Решение за одобрување употреба на учебникот Геометрија со збирка задачи за VII одделение — — — — — — — 553
568. Решение за одобрување употреба на учебникот Алгебра со збирка задачи за VII одделение — — — — — — — — — 553
569. Решение за одобрување употреба на учебникот Граматика за III одделение на албански јазик — — — — — — — — 553
570. Решение за одобрување употреба на учебникот Математика за I и II одделение за ученици со оштетен слух — — — — 553
571. Решение за одобрување употреба на учебникот Математика со збирка задачи за I година на економската, земјоделската и медицинската струка — — — — — 553
572. Решение за одобрување употреба на учебникот Математика за I година на природноматематичка струка — — — — — 554
573. Решение за одобрување употреба на учебникот Математика со збирка задачи за I година на техничките училишта — — 554
574. Решение за одобрување употреба на учебникот Техничко цртање со нацртна геометрија — — — — — — — — — — 554
575. Решение за одобрување употреба на учебникот Збирка упатства за работа со микросметачи — — — — — — — — — 554
576. Решение за одобрување употреба на учебникот Ликовна култура I за I година на културолошко-просветната струка и за II година за сите останати струки — — 555
577. Решение за одобрување употреба на учебникот Практикум по ОТП за I година на културолошко-просветна струка — — 555

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

260. Општествен договор за изедначување на неопходното ниво на обезбедување и задоволување на основните права од социјална заштита во Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 555
261. Самоуправна спогодба за заедничките основи за остварување на социјално-заштитни права — — — — — — — — — 557

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

262. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби во научноистражувачката дејност — — — — — — — — — 562
263. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на културните дејности и техничката култура на подрачјето на град Скопје за 1989 година — — 563
264. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на физичката култура на град Скопје за 1989 година 563

ГОСТИВАР

265. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на стапката за обезбедување (здружување) на средства за здравствена заштита на работниците за 1989 година 563

КИЧЕВО

266. Одлука за измена на Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година — — — — — — — — — 564
**Исправка** — — — — — — — — — 564

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ бб Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**